# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ СО ЗГОЛЕМЕНИ (АНОРМАЛНИ) РИЗИЦИ
# И
# ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗГОЛЕМЕНИ РИЗИЦИ ЗА СПОРТСКИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗАНИМАЊА

(WLAR3/2023)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

1. Овие Посебни услови за осигурување на зголемени (анормални) ризици за осигурување на живот (во натамошниот текст: Посебни услови), се составен дел на Договорот за осигурување на живот, што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување и реосигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена иншуренс груп Скопје (во натамошниот текст: осигурител).
2. Овие Посебни услови не се применуваат кога е тоа строго утврдено со посебни или дополнителни услови во одделен договор за осигурување на живот.

**Член 2**

1. Причините поради што некое лице претставува зголемен ризик се наведени Општите одредби од Општите услови за осигурување на живот.

**Член 3**

1. Пописот на болестите или состојбата врз основа на која се оценува степенот на зголемениот ризик се одредува со овие Посебни услови.

**Член 4**

1. Премијата која треба да се плати за зголемен ризик е одредена со овие Посебни услови кои ги применува осигурувачот во секој конкретен случај. Ако за некој облик на зголемен ризик не е предвидена премија по овие Посебни услови, осигурувачот премијата ја одредува по аналогија на слични или сродни ризици.

**Член 5**

1. Кај осигурувањата на живот анормалниот ризик се проценува врз основа на болеста на осигуреникот.
2. Кај дополнителните осигурувања, кои се договараат со осигурувањето на живот, анормалниот ризик се одредува врз основа на:
   а) инвалидитетот на осигуреникот, при склучување на дополнителното осигурување во случај на трајни последици поради несреќен случај,
   б) болеста на осигуреникот, при склучување на дополнително осигурување од настапување на тешки болести.
   В) операциите на осигуреникот, при склучување на дополнително осигурување во случај на операции

**Член 6**

1. Лицата кои се наоѓаат на лекување, по правило, не можат да склучат договор за осигурување сѐ додека не заврши лекувањето. Кога ќе заврши процесот на лекување, и тие лица можат да се осигурат, оценува осигурителот.

**Член 7**

1. Ако договарачот или корисникот не се задоволни со оцената на зголемениот ризик, можат да побараат вештачење во согласност со Општите услови за осигурување.

## II. ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

**Член 8**

1. Премијата за зголемен ризик се одредува со зголемување на основната премија, и тоа:
   - За лица на возраст до 50 години:
     a) Во прв степен (I) на анормален ризик за 3%.
     b) Во втор степен (II) на анормален ризик за 5%.
     c) Во трет степен (III) на анормален ризик за 7%.
   - За лица на возраст над 50 години:
     a) Во прв степен (I) на анормален ризик за 5%.
     b) Во втор степен (II) на анормален ризик за 7%.
     c) Во трет степен ( III) на анормален ризик за 10%.
2. Освен зголемување на премијата за осигурување, осигурувачот може да одреди како привремена мерка и:
   a) Одложување на прифаќање на понудата до излекувањето;
   b) Одложување на прифаќање на понудата на одредено време, но најмногу до една година;
   c) Прифаќање на понудата со одложеност на осигурителното покритие.
3. Поради особено тешки зголемени ризици, осигуреникот на осигурувањето може да се оцени како апсолутно неспособен за осигурување на живот.

## III. ДОПОЛНИТЕЛНИ ОСИГУРУВАЊА НА ЛИЦА СО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

**Член 9**

1. Премијата за анормален ризик при дополнителните осигурувања на лица од последици на несреќен случај се одредува така што премиските стапки за осигурување се зголемуваат за одреден процент.
2. Кај лицата кај кои е утврден инвалидитет според Табелата за инвалидитет како последица на несреќен случај – незгода, премиските стапки од тарифата се зголемуваат за:
   a) 25% кога инвалидитетот изнесува од 25% до 50%

b) 50% кога инвалидитетот изнесува од 51% до 75%
c) 75% кога инвалидитетот изнесува над 75% до 99%
d) 100% кога инвалидитетот изнесува 100%.

**Член 10**

1. Премијата за анормален ризик поради болест и предходни операции на осигуреникот при дополнително осигурување од тешки болести, се зголемува со одреден процент зависно од староста на осигуреникот и степенот на анормалниот ризик наведени во член 8.

## IV. ПОПИС НА БОЛЕСТИ ВРЗ ОСНОВА НА КОИ СЕ ОЦЕНУВА СТЕПЕНОТ НА АНОРМАЛЕН РИЗИК

| **1. Психички и невролошки заболувања** | **Степен на ризик** |
|---|---|
| • Аполексија на мозо | 0 |
| • Дебилитет | 0 |
| • Деменција | 0 |
| • Депресивно-манична психоза | 0 |
| • Дистрофија на мускули | 0 |
| • Епилепсија – генетска или симптоматска | 0 |
| • Идиотија | 0 |
| • Имбецилитет | 0 |
| • Кретенизам | 0 |
| • Заболување на централниот нервен систем | 0 |
| • Парализа, прогресивна | 0 |
| • Параноја | 0 |
| • Паркинсонова болест | III-0 |
| • Склероза мултиплекс | 0 |
| • Сирингомиелија | 0 |
| • Табес дорсалис | 0 |
| • Церебрална парализа | 0 |
| • Шизофренија | 0 |
| • Церебрален инсулт (CVI) | 0 |
| • Алцхајмер | III-0 |
| **2. Сетилни органи** | |
| • Вид смален над 50% на едно око | II |
| • Глауком двостран | III |
| • Глувост двострана | III |
| • Мениеров синдром – хроничен облик | I |
| • Слепило на двете очи | 0 |
| **3. Срце и крвоток** | |
| • Аневризма на аорта | 0 |
| • Аневризма на мозочните артерии | 0 |
| • Аневризма на големите крвни садови | 0 |
| • Аортална инсуфициенција | 0 |
| • Аортритис луестичен | 0 |
| • Аполепсија на мозок | 0 |
| • Артериосклеротска деменција | 0 |
| • Вени проширени на долните краишта | |
| – во лесен степен | I |
| – со трофични промени на кожата | II |
| • Инсуфициенција митрална | 0 |
| • Инфаркт на срце | 0 |
| • Корпулмонале | 0 |
| • Интермитентна клаудикација(без трофички промени ) | 0 |
| • Миодегенерација на срце | 0 |
| • Нефроанглиосклероза | 0 |
| • Атхезивен перикардит | 0 |
| • Раунаудова болест | 0 |
| • Срцеви аномалии, вродени | 0 |
| • Срцеви аномалии според клинички наод | III |
| • Срцеви аномалии (комбинирани, стенози и др.) | III |
| • Срцеви аномалии – коригирани со хируршки зафат според клинички наод и оперативен зафат(стент, графт, валвула) | III-0 |
| • Стеснување на артериите на долните екстремитети. | 0 |
| **4. Органи за дишење** | |
| • Антракоза на белите дробови | III |
| • Бронхијална фистула – неоперабилна | 0 |
| • Бронхиектазии | III |
| • Бронхитис, хроничен | II |
| • Грклан – тешки промени со отежната респирација | III |
| • Емфизем на белите дробови | III |

| | |
|---|---|
| • Ехинокок на белите дробови, полицистичен | 0 |
| • Бели дробови – со смален витален капацитет од над 50% (од опструктивен или респираторен тип) | III |
| • Бели дробови – намален капацитет – за мажи под 3.000 ццм – за жени под 2.000 ццм | I-II |
| • Респирација отежната поради промена на горните дишни патишта | I |
| • Силикоза на белите дробови | 0 |
| • Фиброторакс еднostран | III |
| • Фиброторакс двостран | 0 |

**5. Органи за варење**

| | |
|---|---|
| • Диветрикулоза на дигестивниот тракт | II |
| • Ехинокок на црн дроб, полицистичен | 0 |
| • Жолчни каменчиња | II-A |
| • Колитис улцероса | 0 |
| • Панкреатитис хроничен | 0 |
| • Полипи на ректумот, солитарни | 0 |
| • Прирастоци на стомачната шуплина со изразити пречки | II |
| • Слезина – загуба | I |
| • Туберколоза на цревата | 0 |
| • Хепатитис хроничен | 0 |
| • Хернија дијафрагмална | III |
| • Хернија стомачна | I |
| • Хранопроводник – проширени вени | 0 |
| • Цироза на црниот дроб | 0 |
| • Чир на дуоденумот | I |
| • Чир на желудникот | II |
| • Чир пептички на тенкото црево. | III |

**6. Мочни органи**

| | |
|---|---|
| • Бубрег – загуба | |
| – останатиот дел од бубрегот здрав | III |
| – останатиот бубрег оштетен | 0 |
| • Дивертиколуза на мочниот тракт | II |
| • Инконтиненција на мочката | III-Б |
| • Каменчиња во бубрегот | III-Б |
| • Нефритис хроничен | 0 |
| • Нефросклероза | 0 |
| • Пиелонефритис хроничен | 0 |
| • Туберколоза на бубрезите | 0 |
| • Уретра – стеснување во силен степен | III-Б |
| • Хидронефроза на еден бубрег | III |
| • Хидронефроза двострана | 0 |
| • Хипертрофија на простата. | III-Б |

**7. Органи за движење**

| | |
|---|---|
| • Артритис хроничен примарен | III-0 |
| • Артритис хроничен секундарен | I |
| • Бехтерева болест | III |
| • Дистрофија на мусклулите прогресивна | 0 |
| • Остеомиелитис рецидивирачки | III-0 |
| • Пагетова болест | 0 |
| • Скелет – системни заболувања | 0 |
| • Венска тромбоза на долните екстремитети | II-III |
| • Туберкулоза на коскена срцевина, активна. | A |

**8. Ендокринолошки и метаболички болести**

| | |
|---|---|
| • Адисонова болест | 0 |
| • Базедова болест | II |
| • Дијабетис јувенилен до 20 години | 0 |
| • Дијабетес на возрасни над 20 години до 200 мг | II |
| • Дијабетес на возрасни над 20 години до 300 мг | III |
| • Дијабетес инсипидус | 0 |
| • Кушингова болест | 0 |
| • Микседема | 0 |
| • Симондсова болест | 0 |
| • Струма на штитната жлезда – тиреотоксиоза | I |
| • Уричка дијатеза – гихт. | II-III |
| • Хиперлипидемија (доколку вредностите се дупло од нормалните) | I-II |


www.winnerlife.mk
Ул. ,,11 Октомври" бр. 25 кат 8-ми, 100 Скопје Р. Северна Македонија Тел.: +389 (02) 3114-333 е-пошта: life@winnerlife.mk

**9. Крвотворни органи**

| | |
|---|---|
| • Агронулоцитоза | 0 |
| • Анемија апластична | 0 |
| • Анемија пернициозна | III |
| • Полицитемија есенцијална | 0 |
| • Хемофилија. | 0 |

**10. Кожни болести**

| | |
|---|---|
| • Еритематодес | 0 |
| • Ксеродерма | 0 |
| • Пемфигус | 0 |
| • Псоријаза | I-II |
| • Склеродермија. | 0 |

**11. Тумори**

| | |
|---|---|
| • Леукемија | 0 |
| • Малигни тумори | 0 |
| • Малигни тумори – состојба по операција. | 0 |

**12. Зависности (дрога,цигари и алкохолизам)**

| | |
|---|---|
| • Дрога | 0 |
| • Алкохолизам хроничен | III-0 |
| • Алкохолизам болнички верифициран со делирантни појави | 0 |
| • Цигари над 10 дневно | I |

**13. Останати**

| | |
|---|---|
| • Болести кои бараат оперативен зафат | A |
| • Труење со тешки метали и со други хемиски штетни материи кои бараат точно испитување на функцијата на внатрешните органи | B |

**Во овој попис на болести ознаките во колоната „Степен на анормален ризик" значат:**

A. Одложување на прифаќање на понудата, односно нејзина обнова, до излекување;
B. Одложување на прифаќање на понудата, односно нејзина обнова, за одреден временски период (најдолго за 12 месеци од денот на приемот на понудата);
0. Понудата, односно нејзината обнова, не може да се прифати;
I. Зголемување на премијата за прв степен;
II. Зголемување на премијата за втор степен;
III. Зголемување на премијата за трет степен.

## V. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОЦЕНА НА ЗГОЛЕМЕН (АНОРМАЛЕН) РИЗИК ПОРАДИ ОТСТАПУВАЊЕ ОД НОРМАЛНАТА ТЕЛЕСНА ТЕЖИНА

**Член 11**

1. Елементите за оцена на зголемени ризици поради отстапување на телесната тежина од нормалната, претставуваат составен дел на овие Посебни услови за осигурување.

**Член 12**

1. Идеалната телесна тежина изразена во килограми се добива кога висината на таквото лице, изразена во сантиметри, се намалува за 100. Отстапувањето од идеалната тежина до 15 килограми се смета за нормална тежина.
2. Отстапувањето од нормалната тежина се смета за зголемен ризик
3. Ако вистинската тежина отстапува од идеалната:
– од 15 до 25 кг – премијата се зголемува за прв (I) степен,
– од 25 до 35 кг – премијата се зголемува за втор (II) степен,
– над 35 кг не може да се прифати премијата за осигурување на живот.

## VI. ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗГОЛЕМЕНИ РИЗИЦИ ПОРАДИ СПОРТСКИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗАНИМАЊА

**Член 13**

1. Зголемувањето на премијата за зголемен ризик кај осигуреникот кој се занимава со одредени спортски активности или врши работни активности кои имаат зголемен ризик се во прилог на овие Услови. Во табелите подолу наведени се одредени занимања и спортови според кои се врши пресметка на зголемената премија.
2. Во зависност од видот на ризик, смрт или незгода се наведени износите за зголемување на премијата на годишно ниво. Износите за зголемен ризик се изразени во промили, а како основа за пресметката се зема осигурената сума за соодветниот ризик.
3. Ако за некој облик на зголемен ризик не е предвидена премија по овие Посебни услови, осигурувачот премијата ја одредува по аналогија на слични или сродни ризици.

## VII. ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

### Член 14

1. Заради усогласување на сопственото работење со позитивните прописи, како и заради остварување на правата и обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување, Осигурителот е должен да обработува лични податоци. Обработката на лични податоци од страна на Осигурителот се извршува согласно начелата за обработка на лични податоци предвидени во позитивните прописи, со примена на соодветни мерки за безбедност на обработката на податоците.
2. На официјалната интернет страница на Осигурителот, во делот на интернет страницата кој се однесува на лични податоци, сите заинтересирани страни можат да ги пронајдат следните информации кои се однесуваат на обработката на лични податоци од страна на Осигурителот: (1) идентитет и контакт информации, (2) контакт информации за офицерот за заштита на лични податоци, (3) целите на обработката и правниот основ за обработката на личните податоци, (4) легитимните интереси за обработка на лични податоци, (5) корисниците и категориите на корисници на лични податоци, (6) пренос на лични податоци во трета земја или меѓународна организација, (7) временскиот период за кој се чуваат личните податоци, и (8) правата на субјектите на личните податоци.

## VIII. РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ

### Член 15

1.Осигурителот нема да изврши исплата на осигурана сума, било каков вид на побарување, или било каков вид на надомест, поврзани со договор за осигурување склучен според овие Услови за осигурување (или било кои други дополнителни услови за осигурување кои што се поврзани со овие Услови за осигурување), доколку исплатата на осигураната сума, плаќањето на побарувањето или плаќањето надоместот го изложи Осигурителот на било какви рестриктивни мерки определени со позитивни прописи на Организацијата на Обединетите Нации (ООН), Соединетите Американски Држави (САД), Обединетото Кралство (ОК), Европската Унија (ЕУ) и Република Северна Македонија (РСМ).

### Член 16

1. Овие услови влегуваат во сила од моментот на нивното усвојување.

**Скопје, 01.11.2023 година**

### 1. Табела на спортови

| Видови спорт | Се одбива | Посебни појаснувања | Професионални | | Аматерски | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | смрт | инвалид. | смрт | инвалид. |
| Америк. фудбал | | x | 30,00 | 30,00 | 2,00 | 4,00 |
| Риболов | | | 0,25 | 0,25 | 0,10 | 0,10 |
| Австрал. фудбал | | x | 30,00 | 30,00 | 2,00 | 4,00 |
| Автотрки | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Автотрки: крос | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Автотрки: брзински | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Картинг | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Рели | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Спидвеј | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Акции со автомобили | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Бадминтон | | | 0,90 | 1,20 | 0,10 | 0,10 |
| Кошарка | | | 1,20 | 3,00 | 1,00 | 2,80 |
| Бејзбол | | | 2,00 | 2,10 | 1,90 | 1,95 |
| Планински водич | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Алпинизам | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Алпинизам – Европа | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Алпин. – Шпанија | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Билијард | | | 0,10 | 0,10 | 0,10 | 0,10 |
| Бодибилдинг | | | 0,70 | 0,70 | 0,10 | 0,10 |
| Стрелаштво | | | 1,70 | 1,70 | 1,50 | 1,50 |
| Бокс | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Банџи | | | 6,50 | 6,00 | 6,00 | 5,00 |
| Канион (качување) | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Кеч-кен | | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Крикет | | | 0,50 | 0,50 | 0,10 | 0,10 |
| Делта мотор | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Делта едрење | | x | 30,00 | 30,00 | 6,50 | 9,00 |
| Маунтин или ситибајк | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Хокеј на мраз | | | 1,50 | 3,90 | 1,20 | 3,50 |
| Трки со велосипед по патеки | | | 1,10 | 1,50 | 0,75 | 0,75 |
| Улични трки со велосипеди | | | 2,00 | 3,00 | 1,10 | 1,60 |
| Падобранство | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Мечување | | x | 0,50 | 0,50 | 0,10 | 0,10 |
| Борење, слоб. стил | | | 2,25 | 3,50 | 2,00 | 3,00 |
| Петобој | | | 1,50 | 1,75 | 1,20 | 1,30 |
| Фудбал | | | 2,00 | 3,50 | 1,80 | 2,80 |
| Кревање тегови | | | 2,50 | 4,00 | 2,00 | 3,00 |
| Картинг | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |



www.winnerlife.mk
Ул. ,,11 Октомври" бр. 25 кат 8-ми, 100 Скопје Р. Северна Македонија Тел.: +389 (02) 3114-333 е-пошта: life@winnerlife.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Голф | | | 0,50 | 0,50 | 0,10 | 0,10 |
| Лов на дивеч | | | 2,50 | 2,50 | 1,25 | 1,25 |
| Фудбал во сала | | | 1,10 | 2,90 | 0,75 | 0,75 |
| Ракомет | | | 1,80 | 3,50 | 1,50 | 3,20 |
| Спелеологија | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Трки на вода | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Пелоте | | | 1,10 | 1,10 | 0,90 | 0,90 |
| Џудо | | | 1,35 | 1,40 | 0,90 | 0,95 |
| Боречки спортови | | | 2,50 | 3,50 | 2,30 | 0,00 |
| Бореч. спорт со потполн контакт | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Кајак по мирни води | | | 0,90 | 0,90 | 0,90 | 0,90 |
| Кајак по диви води | | | 2,50 | 1,90 | 2,50 | 1,90 |
| Карате | | | 4,00 | 6,00 | 2,00 | 3,00 |
| Екстрем. карате | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Куглање | | | 0,10 | 0,10 | 0,10 | 0,10 |
| Јап. бор. вештина кендо | | | 2,00 | 3,00 | 2,00 | 3,00 |
| Лов на ситен дивеч | | | 1,10 | 1,10 | 1,00 | 1,00 |
| Кунг фу | | | 2,00 | 3,00 | 2,00 | 3,00 |
| Уметничко лизгање | | | 1,00 | 1,20 | 0,90 | 1,00 |
| Лесна атлетика | | | 1,20 | 2,00 | 0,10 | 0,10 |
| Војска | | | 7,00 | 11,00 | 6,00 | 10,00 |
| Трки со мотори Чамци – офшор | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Моторни чамци – без натпревари | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Мотор. чамци – рели | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Мото-крос | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Мотор – брзински | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Мотор – небрзински | | | n/a | n/a | 1,50 | 1,50 |
| Мотор – рели | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Мотор – спидвеј | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Мотор триал | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Мото трки | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Бродски трки | x | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Олимп. стрелаштво | | | 2,00 | 2,50 | 2,00 | 2,50 |
| Ориентационо позиционирање | | | 0,75 | 0,75 | 0,35 | 0,35 |
| Веслање | | | 0,90 | 0,90 | 0,90 | 0,90 |
| Параглајдинг | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Коњски трки | | | 1,50 | 3,00 | 1,50 | 3,00 |
| Поло | | | 2,40 | 4,60 | 2,20 | 4,20 |
| Трки со пречки | | | 0,50 | 0,50 | 0,10 | 0,10 |
| Велосипедски акробации | | | 0,90 | 0,90 | 0,10 | 0,10 |
| Рафтинг | | | 2,00 | 2,40 | 1,10 | 1,20 |
| Јавање коњи | | | 1,50 | 3,10 | 1,10 | 1,30 |
| Јавање коњи со пречки | | | 5,00 | 8,50 | 5,00 | 8,50 |
| Тобоган | | | 2,70 | 4,00 | 2,30 | 2,40 |
| Хокеј со ролери | | | 1,50 | 3,10 | 1,50 | 3,00 |
| Рагби | | | 3,50 | 5,20 | 3,00 | 4,50 |
| Пливање | | | 0,25 | 0,25 | 0,10 | 0,10 |
| Едрење | | | 1,20 | 1,10 | 1,00 | 0,90 |
| Едрење до 5 км од брег, група | | | 2,50 | 2,80 | 2,50 | 2,80 |
| Едрење, долги релации, сами | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Скијање | | | 3,00 | 3,00 | 2,50 | 2,50 |
| Скијање акробации | | | 5,00 | 7,00 | 5,00 | 7,00 |
| Скијање брзински трки | | | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Ски-скокови | | | 5,70 | 6,20 | 5,00 | 5,30 |
| Сноуборд | | | 1,00 | 1,60 | 0,30 | 0,40 |
| Рафтинг на снег | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Сквош | | | 1,10 | 1,10 | 0,90 | 0,90 |
| Сурфање на бранови | | | 3,00 | 3,00 | 2,70 | 2,90 |
| Таеквондо | | | 2,00 | 3,00 | 2,00 | 3,00 |
| Нуркање над 40 м | | x | 30,00 | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| Нуркање | | | 7,50 | 7,50 | 4,50 | 4,50 |
| Пукање во лет | | | 2,20 | 2,75 | 2,10 | 2,70 |
| Тенис | | | 1,00 | 1,25 | 0,90 | 0,90 |
| Тенис – сквош | | | 1,10 | 1,10 | 0,90 | 0,90 |
| Пинг-понг | | | 0,75 | 0,75 | 0,50 | 0,50 |
| Скокање на трамболина | | | 3,00 | 3,80 | 2,10 | 3,50 |
| Триатлон | | | 1,00 | 1,20 | 0,90 | 1,00 |
| Гимнастика | | | 1,30 | 1,50 | 0,90 | 1,00 |
| Подводен риболов | | | 3,00 | 4,50 | 2,00 | 3,00 |
| Одбојка | | | 1,20 | 2,70 | 0,90 | 2,50 |
| Ватерполо | | | 2,25 | 2,75 | 2,00 | 2,50 |
| Скијање на вода | | | 3,00 | 4,00 | 2,50 | 2,70 |
| Кану на диви води | | | 3,20 | 2,50 | 2,50 | 1,90 |
| Сурфање на ветер | | | 3,00 | 3,00 | 2,70 | 2,90 |
| Десетобој | | | 1,00 | 1,20 | 0,10 | 0,10 |

## 2. Табела на ризични занимања

| | Живот | Незгода | Неспособност за работа |
|---|---|---|---|
| **Градежен работник** | | | |
| **Висока градба:** | | | |
| Работник на скеле | - | 2 | - |
| Работник на покрив | - | 2 | - |
| Градба на тунел | 2 | - | - |
| **Ниска градба:** | | | |
| Работник на пруга | - | 2 | - |
| Поставувачи на асфалт | - | - | 3 |


www.winnerlife.mk
Ул. ,,11 Октомври" бр. 25 кат 8-ми, 100 Скопје Р. Северна Македонија Тел.: +389 (02) 3114-333 е-пошта: life@winnerlife.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Општо:** | | | |
| Возач на машина и уред | - | - | По барање |
| Работник за рушење | - | 2 | - |
| Градба на тунел | 2 | 2 | 3 |
| Работи со експлозив (општо) | 2 | 3 | 6 |
| Каменокршач | - | 2 | 3 |
| Рудар (подземна градба) | 2 | 2 | 3 |
| Планински водич во Европа | - | 2 | 3 |
| **Служби за обезбедување:** | | | |
| Ноќни чувари, обезбедување | - | 2 | - |
| Транспорт на пари и вредности | 2 | 3 | - |
| Обезбедување на лица (јавна служба) | 2 | 3 | Се одбива |
| Бодигард (приватно) | По барање | По барање | Се одбива |
| **Полиција** | | | |
| Општа служба и криминологија | 2 | 2 | - |
| Специјална единица | 3 | 4 | Се одбива |
| Група за антитероризам | 3 | Се одбива | Се одбива |
| Деактивирање на бомби | По барање | По барање | Се одбива |
| **Вооружени сили во АРМ** | | | |
| Сите копнени сили | 3 | 4 | По барање |
| Деактивација на експлозиви | 5 | 6 | 6 |
| Хемиски специјалисти, – работници | - | - | По барање |
| **Нафтена индустрија** | | | |
| Дупчење – домашни работници | - | 2 | - |
| Дупчење – во странство | По барање | По барање | По барање |
| **Пожарна** | | | |
| Пожарна служба – општо | 1 | 2 | - |
| Повисоки службеници (офицери) | - | 1 | - |
| Специјалисти (нуркачи и сл.) | По барање | По барање | По барање |
| Чистачи на згради (надворешно) | - | 2 | - |
| **Новинар, репортер** | | | |
| Посебни опасности, странство | По барање | По барање | По барање |
| **Возач на камион, автобус, автомобил** | | | |
| Вршење услуги со мотор | - | - | 3 |
| Тест-возач | По барање | По барање | По барање |
| Ликовен уметник | - | - | Се одбива |
| Лаборант, лабор. техничар | - | - | - |
| Молер на мостови, кули и сл. | 2 | 2 | - |
| Работник во металната индустрија | - | - | По барање |
| Мајстор за експлозив (специјалист) | 2 | 3 | 6 |
| Ракување со експлозиви | 2 | 3 | 6 |
| Монтер на јака струја (висок напон) | 2 | 2 | 6 |
| Нуркач (потребни детални податоци) | По барање | По барање | По барање |



www.winnerlife.mk
Ул. ,,11 Октомври” бр. 25 кат 8-ми, 100 Скопје Р. Северна Македонија Тел.: +389 (02) 3114-333 е-пошта: life@winnerlife.mk